Општина Кривогаштани
ул.Филип Втори бр.84 Кривогаштани тел ++38948471280
opstina_krivogastani@yahoo.com www.krivogastani.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 22-731/3
18.06 2024 год.
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 44 став (7) и член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" број 32/20 и 111/23), а постапувајќи по Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура со намена Е1.1-локални патишта од КП 2195/1 КО Оршани до КП 2430/1 КО Пашино Рувци, општина Кривогаштани, за инвеститор општина Кривогаштани, со тех.бр. 23/2024 од 05/2024 год. изработена од „ОМНИА Проект" ДОО Битола, со површина на плански опфат од 62 083,87 м², Градоначалникот на Општина Кривогаштани, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура со намена Е1.1-локални патишта од КП 2195/1 КО Оршани до КП 2430/1 КО Пашино Рувци, општина Кривогаштани, за инвеститор општина Кривогаштани, со тех.бр. 23/2024 од 05/2024 год. изработена од „ОМНИА Проект" ДОО Битола, со површина на плански опфат од 62 083,87 м², аплицирана во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП со број 62857.

## Образложение

Врз основа на поднесено Барање за одобрување на Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура со намена Е1.1-локални патишта од КП 2195/1 КО Оршани до КП 2430/1 КО Пашино Рувци, општина Кривогаштани, за инвеститор општина Кривогаштани, со тех.бр. 23/2024 од 05/2024 год. изработена од „ОМНИА Проект" ДОО Битола, со површина на плански опфат од 62 083,87 м², заверено под број 22-731/1 од 14.06.2024 година во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП (2020) беше аплицирана постапка за одобрување на проектна програма заведена под број 62857.

Кон барањето беа приложени следните документи:

- Полномошно од ДПИУТ ИНТ „Глобал Инженеринг АВ" увоз-извоз ДООЕЛ Битола за „ОМНИА Проект" ДОО Битола заверено кај Нотар Билјана Пецовска од Скопје бр.УЗП 1535/2024 од 11.06.2024 година;
- Полномошно од општина Кривогаштани за ДПИУТ ИНТ „Глобал Инженеринг АВ" увоз-извоз ДООЕЛ Битола бр.09-679/1 од 29.05.2024 година
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога за КО Оршани - дел и КО Пашино Рувци - дел изработен од страна на ДГУ „ГПС Премер" Дооел Прилеп со тех.бр.08-238/3 од 06.11.2023 година
- Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура со намена Е1.1-локални патишта од КП

2195/1 КО Обршани до КП 2430/1 КО Пашино Рувци, општина Кривогаштани, за инвеститор општина Кривогаштани, со тех.бр. 23/2024 од 05/2024 год. изработена од „ОМНИА Проект“ ДОО Битола, (pdf и dwg) формат.

Комисијата за урбанизам постапувајќи по барањето и разгледувајќи ја приложената документација до градоначалникот на Општина Кривогаштани достави Предлог за одобрување на проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура со намена Е1.1-локални патишта од КП 2195/1 КО Обршани до КП 2430/1 КО Пашино Рувци, општина Кривогаштани, бр.22-731/2 од 17.06.2024 година.

Врз основа на претходно наведеното како и по изршениот увид во приложената документација, Градоначалникот на општина Кривогаштани утврди дека се исполнети условите за одобрување на Проектната програма односно истата е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 225/20, 219/21, 104/2022 и 99/2023).

**Правна поука:** Против ова решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

**Изработил:**
**Гоце Нешкоски**

**Градоначалник**
**на Општина Кривогаштани**
**Николче Мискоски**